**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр.2002-192/16 од 17.6.2026 година донесена на 359. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија (3.02.00.34) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Зоран Караџов, редовен професор за наставно-научна област дигестивна хирургија, Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - претседател;
- проф. д-р Реџеп Селмани, редовен професор за наставно-научна област дигестивна хирургија, Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - член;
- проф. д-р Илија Милев, вонреден професор за наставно-научна област хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип-член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер" и „Коха" од 23, 24 и 25.5.2026 година и во предвидениот рок се пријави д-р Александар Митевски, доктор на медицински науки – клиничка медицина, насловен вонреден професор во наставно-научната област дигестивна хирургија.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест и задоволство ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Александар Митевски е роден на 19.10.1974 во Скопје. Во 1993/1994 год. се запишува на студиската програма Општа медицина на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и истите ги финализира во 2000 година со просечна оценка 8,5. Во 2000 год. е ангажиран како професор по предметот Превентивна медицина и нега во Средното општинско медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип. Во 2001 год. работи како лекар во амбулантата на АРМ, а од 2002 г. се вработува во Службата на итната медицинска помош при Клиничката болница во Штип. Во 2004 год. е распределен на Хируршкото одделение при истата болница од каде што во октомври истата година ја започнува специјализацијата по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршува во јануари 2009 год., додека супспецијализацијата по абдоминална хирургија ја започнува во февруари 2012 год., а ја завршува во март 2014 год. Во меѓувреме учествува на повеќе курсеви и едукативни престои:

- во 2010 год. престојува на петнеделна обука за Итни хируршки интервенции и лапароскопска хирургија под менторство на Dr. Nurullah Zengin во Numune Hastanesi во Анкара, Турција;
- во 2012 год. завршува еднонеделен курс за HTA (health technology assessment) во Лугано, Швајцарија;
- - во 2014 год. завршува ATLS (Advanced Trauma and Life Support) course, 28 часа обука со координатор John Francis во Скопје;
- во 2015 год. завршува Курс за напредна колоректална лапароскопска хирургија во Риека, Хрватска;
- во 2017 год. посетува Курс за роботска хирургија во САД - Fox Valley Ascension Medical group, St.Elizabeth's Hospital под менторство на Kenneth J Bruder, MD, FACS;
- во 2018 год. во два наврати посетува курс за пелвична патологија и бенигни болести во проктологијата во Италија - Policlinico Universitario „Agostino Gemelli" Roma под менторство на Prof. Carlo Ratto;
- во 2019 год. го финализира своето стручно усовршување во лапароскопска баријатриска хирургија во Splosna bolnisnica Slovenj Gradec, Oddellek za splosno in abdominalno kirurgijo, European center of excellence for bariatric surgery во Словенија под менторство на Dr. Gregor Kunst;
- во 2019 год. завршува Стручно усовршување во лапароскопски интервенции на колон/ дебело црево. Ментор проф. д-р Александар Глухович;
- во 2024 год. посетува курс F Care Systems / Radiofrequency ablation course од областа на проктологијата под менторство на Dr.Mehmed Durmush Kurt, Istanbul.

Д-р Александар Митевски во периодот 2010-2013 год. и 2017-2018 год. раководи со одделот Хирургија при Клиничката болница во Штип, а од 2018 год. работи како абдоминален хирург во приватната општа болница „Ре-Медика" во Скопје. Од 2022 год. раководи со одделот Хирургија во установата, а од 2023 год. е стручен / медицински раководител.

Во 2011 год. д-р Александар Митевски се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје и истите ги завршува во 2016 год. со одбрана на докторската дисертација на тема „Лапароскопска наспроти отворена ингвинална херниопластика – инфламаторен одговор и ран клинички исход" од областа на абдоминаланата хирургија, по што се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина.

На Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Александар Митевски е ангажиран од 2009 год. како асистент по предметот Хирургија, а од 2016 год. е избран за доцент по предметите од областа на хирургијата и клиничко иследување 2. Во 2021 год. е избран за насловен вонреден професор од наставно-научната област дигестивна хирургија.

Активно го познава англискиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор***

**Општи услови за избор:**

- Кандидатот има остварен просечен успех од прв циклус студии 8.5, добиено звање / степен на стручно образование специјалист по општа и супспецијалист по абдоминална хирургија;

- Се стекнал со научен степен доктор на науки од областа на медицински науки - клиничка медицина;
- Со Одлука бр. 2002-335/8 од 14.12.2021 год. на 269. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, УГД-Штип, е избран во звање насловен вонреден професор од наставно-научната област дигестивна хирургија;
- Има објавено најмалку пет рецензирани научноистражувачки трудови во референтна научна публикација

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cvetanovski, Vlatko and Cimeshikj, Dina and Mitevski, Aleksandar and Cvetanovska, Marija and Kondov, Borislav | True axillary artery aneurysm due to repetitive blunt force trauma. | (2025) Academic Medical Journal, 5 (3). pp. 211-215. ISSN 2671-3853 | 2021 (5) |
| 2 | Mihajlova, Nikolina and Hristova, Violeta and Dukovska, Vesna and Cvetanovski, Vlatko and Mitevski, Aleksandar | Traumatic abdominal wall hernia-a case report | (2025) Journal of Morphological Sciences, 8 (1). pp. 198-203. ISSN 2545-4706 | 2018(8) |
| 3 | Hristova, Violeta and Mitevski, Aleksandar and Genadieva Dimitrova, Magdalena | Mucocele of the appendix | (2025) International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 20 (20). pp. 77-81. ISSN 1857-8128 | 2014 (12) |
| 4 | Mitevski, Aleksandar and Cvetanovski, Vlatko and Markov, Petar and Milev, Ilija | Transanal Hemorrhoidal Dearterialization (THD): A Single Center Experience on 100 Consecutive Cases | (2024)<br><br>Lietuvos chirurgija, 23 (1). pp. 34-39. ISSN 1392–0995 | 1993(33) |
| 5 | Mitevski, Aleksandar and Jovevska, Svetlana and Dukovska, Vesna and Baldzieva, Sanja and Markov, Petar | Primary reconstruction with sliding cutaneous flap in abdominoperineal resection – a case report. | (2023) Knowledge - International Journal, 60 (4). pp. 595-599. ISSN 1857-923X / 2545-4439 | 2009 (27) |

- Потврда за познавање на англиски јазик.

**Посебни услови:**

1. Учесник е во меѓународен научен проект:

- од 2019-2022/ COST , CA17118- Identifying Biomarkers Through Translational Research for Prevention and Stratification of Colorectal Cancer;
- од 2020-, Студија за собирање на човечки примероци., Протокол за опсервација DSL-BB044-V.1. Discovery life Sciences, LLC.

2. Ангажиран на дипломски работи во рамките на првиот циклус на студии, член на повеќе комисии за одбрана на специјалистички трудови, бил рецензент во комисии за избор наставно-научни завања - доцент во неколку наврати. Ментор и едукатор е на специјализанти од областа абдоминална хирургија, гинекологија и општа хирургија.

3. Коавтор на два учебника:

- Хируршка пропедевтика, учебник за студенти на медицина од предметот Клиничко испитување 2, https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=910&ugd=bffb73a95f0c320ca99d8056f5ef0a25
- Општа хирургија, учебник за студенти на медицина од предметот Хирургија, https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1226&ugd=1b29c20da5fd93fbc4c4c93028b0ba30

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Александар Митевски е избран за помлад асистент по предметот Хирургија на Факултетот за медицински науки во Штип од 2009 год., од 2012 год. за асистент, а од 2014 год. за стручно лице од пракса во областа хирургија. Во 2016 год. е избран во звање доцент, а во 2021 год. за насловен вонреден професор по предметите од областа на хирургијата и клиничко иследување.

Во текот на целокупниот ангажман на Факултетот за медицински науки во Штип, д-р Александар Митевски реализира наставно-образовната дејност на студентите од студиската програма по општа медицина, на студентите од студиската програма на дентална медицина и тригодишните стручни студии.

Д-р Александар Митевски е ангажиран на дипломски работи во рамките на првиот циклус на студии. Паралелно на тоа, учествува во наставата по предметот Ендоскопска хирургија, од вториот циклус на стручни студии за медицински сестри, насока инструментарки. Во рамките на вториот циклус на студии, учествува како член на комисии за одбрана на специјалистички трудови, бил рецензент во комисии за избор наставно-научни звања во неколку наврати. Ментор и едукатор е на специјализанти од областа абдоминална хирургија, гинекологија и општа хирургија.

Во „Ре-Медика“ - Скопје, каде што е вработен, одржува консултации со студентите по медицина во рамките на здравствената клиничка пракса.

Учествува во научноистражувачки проекти од областа на хирургијата. Автор е на повеќе трудови од областа на општата и дигестивна хирургија. Учествува со свои изложувања на стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство. Има повеќе стручни престои во странство: Турција, Швајцарија, Хрватска, САД, Италија и Словенија.

Од 2017 година учествува како рецензент на научни трудови во списанието „Македонски медицински преглед“, кое го издава Македонското лекарско друштво.

Има завршено специјализација по општа хирургија во 2009 год. и супспецијализација по абдоминална хирургија во 2014 год. на Медицинскиот факултет во Скопје. Д-р Александар Митевски работи во областа на абдоминалната хирургија и е посветен на воведувањето на минимално инвазивните техники од областа на лапароскопијата.

Сите објавени трудови на д-р Александар Митевски се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД Штип и можат да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Mitevski=3AAleksandar=3A=3A.html

Рецензијата на претходно објавените трудови на д-р Александар Митевски, при изборот во звање доцент е објавена во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр. 178 од 1.11.2016 год., а рецензијата за трудовите при избор во звање насловен вонреден професор е објавена во Универзитетскиот билтен бр. 279 од 1.7.2021 год.

**Публикации во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор до денес:**

1. Kopacheva Barsova, Gabriela and Kamshikoski, Igor and Dokoska, Marija and Pejkovska, Ana and Dukovska, Vesna and Mitevski, Aleksandar and Cvetanovski, Vlatko and Kocev, Blagoj (2026) *Early and late complications of nasal fractures in the pediatric population.* Journal of Morphological Sciences, 9 (2). pp. 1-6. ISSN 2545-4706.

Трудот анализира 100 консекутивни случаи на фрактури и влијанието на фактори како насока на сила и тип на фрактура на раните и доцни компликации.

2. Dukovska, Vesna and Mitevski, Aleksandar and Kopacheva Barsova, Gabriela and Kocev, Blagoj and Kamshikoski, Igor and Pejkovska, Ana and Cvetanovski, Vlatko (2026) *Subglottic stenosis after prolonged intubation: case report and management.* Journal of Morphological Sciences, 9 (2). pp. 137-140. ISSN 2545-4706.

Во трудот се прикажува третирање на субглотична стеноза како резултат на пролонгирана интубација кај млад пациент со минимално инвазивна техника / ЦО2 ласер, се прави анализа на предностите кај ваквиот третман во однос на конвенционалните техики.

3. Hristova, Violeta and Mitevski, Aleksandar and Bozinovska, Biljana and Genadieva Dimitrova, Magdalena and Curakova, Elena (2026) *Demographic and lifestyle risk factors for small adenomatous colorectal polyps.* Journal of Morphological Sciences, 9 (2). pp. 45-51. ISSN 2545-4706.

Предмет на трудот е анализа на над 200 случаи со полипи на дебело црево како прекусори на карцином на колонот, влијанието на надворешните фактори/ животниот стил и демографските карактеристики на нивната појава кај популацијата во нашата држава.

4. Cvetanovski, Vlatko and Cimeshikj, Dina and Mitevski, Aleksandar and Cvetanovska, Marija and Kondov, Borislav (2025) True axillary artery aneurysm due to repetitive blunt force trauma. Academic Medical Journal, 5 (3). pp. 211-215. ISSN 2671-3853.

Трудот претставува приказ на случај во кој се презентира опишан во литератрата, но сепак многу редок случај на аневризма на аксиларната вена предизвикан од повторувачка траума заради носење на патерици и начинот на дијагностицирање и соодветен третман.

5. Mihajlova, Nikolina and Hristova, Violeta and Dukovska, Vesna and Cvetanovski, Vlatko and Mitevski, Aleksandar (2025) Traumatic abdominal wall hernia-a case report. Journal of Morphological Sciences, 8 (1). pp. 198-203. ISSN 2545-4706.

Во презентираниот труд е претставен редок случај на трауматска хернија кој е превиден при настанувањето, моментот на траумата, заради посериозните повреди кои се третирани како приоритет, а подоцна е направен третман на хернијата. Заради локализацијата и големината, хернијата претставува посебен предизвик за поправка, особено со минимално-инвазивна техника.

6. Hristova, Violeta and Mitevski, Aleksandar and Genadieva Dimitrova, Magdalena (2025) Mucocele of the appendix. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 20 (20). pp. 77-81. ISSN 1857-8128.

Во трудот се прави осврт на една поретка состојба на апендиксот, која е со потенцијално сериозна прогноза доколку не се дијагностицира и третира соодветно. Дијагнозата бара поцелисходни иследувања, кај состојби кои наликуваат на воспаленија на апендиксот за да диференцијално дијагностички се исклучи оваа состојба или да се третира порадикално што би резултирало со излекување.

7. Mitevski, Aleksandar and Cvetanovski, Vlatko and Markov, Petar and Milev, Ilija (2024) Transanal Hemorrhoidal Dearterialization (THD): A Single Center Experience on 100 Consecutive Cases. Lietuvos chirurgija, 23 (1). pp. 34-39. ISSN 1392–0995.

Трудот претставува презентација на резултати од серија на 100 случаи третирани со минимално инвазивна метода за хемороидална болест која во нашата држава се изведува во само две институции. Презентираните резултати се во склад со светските резултати и искуства и во иднина ќе придонесат за препознавање на методата како една од стандардните методи препорачани за третман на оваа состојба.

8. Mitevski, Aleksandar and Jovevska, Svetlana and Dukovska, Vesna and Baldzieva, Sanja and Markov, Petar (2023) Primary reconstruction with sliding cutaneous flap in abdominoperineal resection – a case report. Knowledge - International Journal, 60 (4). pp. 595-599. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online).

Во обработениот материјал се презентира можноста за оперативен третман и осврт на можностите на затворање на големи дефекти при тумори во аналната регија. Малигните промени во перианалната и аналната регија се предизвик за третирање, особено по ирадијациона терапија заради лимитираните можности на хируршко отстранување, а потоа затворање на оперативната рана за која е потребна употреба на различни реконструктивни техники.

9. Cvetanovski, Vlatko and Cimjeschikj, Dina and Cvetanovska, Marija and Arsovski, Andreja and Mitevski, Aleksandar (2023) Chemical ablation as successful alternative for treatment of incompetent perforators. Makedonski medicinski pregled, 77 (3). pp. 144-148. ISSN 0025-1097.

Во трудот се презентирани можности за хемиска аблација при постоење на инкомпетентни перфоратори, комуникантни венски садови на долните екстремитети. Методата е минимално инвазивна и претставува метода која е нова во нашиот регион.

10. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Kostovski, Ognen and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Petrovski, Stefan (2023) The utilization of Alvarado, AIR and RIPASA scoring systems in adults with acute appendicitis treated with laparoscopic appendectomy. Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 120-132. ISSN 2545-4706.

Презентираниот труд претставува како одредени скали, скорови, може да помогнат во предвидувањето на исходот од минимално инвазивните методи кои се користат за третман на акутен апендицит. Акутниот апендицит е најчеста ургентна абдоминална патологија и користењето на скали кои може да го предвидат исходот е од особена важност.

11. Milev, Ilija and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche (2022) Delorme procedure for full thickness rectal prolapse with complete fecal incontinence: a report of two cases. Journal of Morphological Sciences, 5 (3). pp. 13-19. ISSN 2545-4706.

Пролапсот на ректум е состојба која се јавува во понапредната возраст. Постоењето на коморбидитети кај оваа популација не овозможува користење на поинвазивни методи, па презентираната процедура претставува едно помалку инвазивно решение кое овозможува корекција на проблемот без поголемо загрозување на општата состојба на пациентите.

12. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Mihailov, Marjan (2022) The predictive role of selective laboratory parameters for the occurance of “unwanted events” in adults with laparoscopic appendectomy. Journal of Morphological Sciences, 5 (1). pp. 64-74. ISSN 2545-4706.

Трудот претставува сублимат на лабораториските параметри кои може да помогнат во предикцијата на несакани појави при лапароскопска апендектомија кај возрасни.

13. Markov, Petar and Mitevski, Aleksandar (2022) Iatrogenic injuries of subvesical bile duct - case report and literature review. Knowledge-international journal, 54 (4). ISSN 2545 – 4439.

Трудот презентира јатрогени повреди на билијарните патишта кај пациенти оперирани заради болести на жолчното ќесе. Овие повреди се многу ретки, но заради честотата на оперативно лекување на жолчното ќесе се од значаен интерес. Презентацијата на повредите, можностите за спречување, рано откривање и третман се од особено значење.

14. Cvetanovski, Vlatko and Arsovski, Andreja and Mitevski, Aleksandar and Cvetanovska, Marija and Kondov, Borislav and Brajevic, Liljana (2022) New surgical technique for treatment of superficial varicose veins. Academic Medical Journal. ISSN 2671-3853.

Во трудот се презентира нова метода и нејзините првични резултати во третман на варикозни вени. Техниката е комбинација од две минимално инвазивни техники и има импресивни резултати во однос на конвенционалните хируршки методи.

**Книга /поглавје од книга**

Mitev, Konstantin and Mitevski, Aleksandar and Arsovski, Andreja and Milev, Ilija and Cvetanovski, Vlatko and Petrovski, Stefan and Trojikj, Tatjana and Eftimova,

Biljana and Anguseva, Tanja and Lozance, Kiril (2024) Општа хирургија. In: Општа хирургија. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-094-9.

Книгата е наменета за едукација на студенти по медицина, медицински сестри, млади доктори, како и за целиот медицински и немедицински персонал кој секојдневно учествува во медицинскиот третман, како и во медицинската нега и рехабилитација на хируршките пациенти. Во текстот се дефинираат базичните хируршки состојби, како и поимите од суплементарните медицински области кои учествуваат во развојот на современата хирургија. Книгата обезбедува информации за примарниот пристап на хируршките болести и дадени се алгоритми и чекори за современ мултидисциплинарен хируршки третман на овие состојби.

**Публикации на конгреси, семинари  и стручни состаноци:**

1. Mitevski, Aleksandar (2025) Современ концепт и минимално инвазивен третман на хернии на абдоминален ѕид. In: Трет конгрес на студенти по Општа медицина, 17-18 May 2024, Stip, Macedonia.
2. Mitevski, Aleksandar (2025) Abdominal wall hernia\where do we stand now. In: 1st Balkan Surgical congress, 2025 Kopaonik, Serbia.
3. Mitevski, Aleksandar (2022) eTEP and Abdominal hernia. In: Symposium of Southeast European Surgeons, 12-13 March 2022, Online.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот д-р Александар Митевски е член  на Здружението на хирурзи на Р. Македонија, Македонска асоцијација на абдоминални хирурзи и Здружението  на хирурзи на Југоисточна Европа, каде што има активна улога во организирањето на стручни состаноци организирани од страна на здруженијата. Исто така, д-р Александар Митевски се јавува како автор и коавтор на повеќе трудови во стручни списанија и е автор  на учебник/ книга. Учесник е во меѓународни  научни проекти,  2019 – 2022, COST , CA17118-Identifying Biomarkers Through Translational Research for Prevention and Stratification of Colorectal Cancer и од 2020-, Студија за собирање на човечки примероци, Протокол за опсервација DSL-BB044-V.1.  Discovery life Sciences, LLC.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната активност на  д-р Александар Митевски може да се заклучи дека кандидатот во периодот по изборот во насловен вонреден професор остварува значителен напредок во научноистражувачката и стручна дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во меѓународни списанија, презентациите на научни и стручни собири во земјава и во странство. Истовремено, кандидатот остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност, почнувајќи од помлад асистент, асистент, потоа продолжувајќи како наставник - доцент и вонреден професор.

Д-р Александар Митевски, вработен во приватна општа болница „Ре-Медика“ во Скопје, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија на Факултетот за медицински науки, УГД, Штип.

Имајќи ги предвид претходно изложените факти во овој извештај, освоените поени од активности во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, кандидатот ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен вонреден професор.

Врз основа на приложениот материјал во овој извештај, освоените поени на активности на кандидатот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да му предложиме да го избере **насловен вонреден професор д-р Александар Митевски** во звање **насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Зоран Караџов, претседател, с.р.
Проф. д-р Реџеп Селмани, член, с.р.
Проф. д-р Илија Милев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | | | 6 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор ред.бр. 7 и 8<br>Втор автор ред. бр. 2,3,6,11 и 13<br>Останати ред. бр. 1,4,5,9,10,12 и 14 | 2<br>5<br>7(4x0,7)<br>(3x1) | 9/18<br>6/ 30<br>3/12/8,4<br>3/9 | | | 65,4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71,4** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| 2 | Пленарно предавање на стручен собир | | | 1 | 4 | 4 |
| 3 | Учесник во научен проект | | | 2 | 8 | 16 |
| 4 | Техничко унапредување | | | 1 | 2 | 2 |
| 5 | Раководител на оддел | 3 | | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **32** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **143,4** |